# совет за етика во медиумите на македонија

Датум

22.04.2015г.

## ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Мери Јордановска за текстот со наслов – "Курир": Опозициски новинари ја потврдуваат аферата "Фабрика 2", објавен на ден 03.04.2015 година на интернет порталот – Нетпрес.**

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 13 и 16.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Член 13.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот."*

Член 16.

*"Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различноста на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги."*

Ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

0038923222595

# совет за етика во медиумите на македонија

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

До Извршната канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 06.04.2015 година, лицето Мери Јордановска поднесе жалба за текстот со наслов – "Курир": Опозициски новинари ја потврдуваат аферата "Фабрика 2", објавен на ден 03.04.2015 година на Интернет порталот – Нетпрес. Јордановска во жалбата наведува дека во текстот станува збор за неточно и нефер известување и кон жалбата приложи и активен линк од оспореното видео.

Извршната канцеларијата на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, оствари контакт со Интернет – порталот Нетпрес со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Нетпрес не достави одговор на наводите на жалителот.

На седницата на 17.04.2015 година, најпрво, Мери Јордановска беше иземена од расправата во согласност член 10 од Деловникот на Комисијата поради судир на интереси бидејќи е ангажирана во Комисијата за жалби, се со цел да се обедбеди мериторност во одлучувањето и спречување на делегитимирање на одлуката на Комисијата. Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Мери Јордановска и направи увид во наведениот текст.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

Притоа, Комисијата за жалби констатираше дека во содржината станува збор за нарушување на два члена од Кодексот на новинарите на Македонија, односно членовите 1, 13 и 16.

Комисијата за жалби најде дека во текстот со наслов – "Опозициските новинари меѓусебно го докажаа постоењето на 'фабрика два'", новинарот го прекршил член 1 од Кодексот на новинари, односно новинарот објавил неточни и непроверени информации. Доколку информацијата не може да се провери, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и објави. Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два неповрзани извора. Новинарот треба да обезбеди

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595